## (23) КОЈ ТИ ГИ ДАДЕ




Кој ти ги даде, бре, тие црни очи?
Дај ми ги, прва севдо, за мене.

Тие црни очи, лудо, мајка ми ги даде.
Тргни се, лудо, кај севда голема.

Кој ти ги даде, бре, тие гајтан веги?
Дај ми ги, прва севдо, за мене.

Тие гајтан веги, лудо, мајка ми ги даде.
Тргни се, лудо, кај севда голема.

Кој ти го даде, бре, тоа бело лице?
Дај ми го, прва севдо, за мене.

Тоа бело лице, лудо, мајка ми го даде.
Тргни се, лудо, кај севда голема.

Кој ти ја даде, бре, таја рамна снага?
Дај ми ја, прва севдо, за мене.

Таја рамна снага, лудо, мајка ми ја даде.
Тргни се, лудо, кај севда голема.